**NOVINSKA DOKUMENTACIJA**
**BEOGRAD, KNEZ MIHAILOVA 2**
**Tel: 621-578 622-537**

9459

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
-8. NOV. 1989

**До каде се подготовките на премиерата на Балетот на МНТ**

# „ЗОДИЈАК“ ДО КРАЈОТ НА ГОДИНАТА?!

**● И ПОКРАЈ „МАЛИТЕ“ НЕДОРАЗБИРАЊА СО РЕЖИСЕРОТ РАХИМ БУРХАН, НАЈНОВИОТ ПРОЕКТ НА СКОПСКИОТ БАЛЕТ, ЗАД КОГО СТОЈАТ И ГОРАН И ВЛАТКО СТЕФАНОВСКИ, АВТОРИ НА ЛИБРЕТОТО, ОДНОСНО МУЗИКАТА, И ОЛГА МИЛОСАВЛЕВА НА КОРЕОГРАФИЈАТА, ДИРЕКТОРОТ АЛЕКСАНДАР ХАЏИМАНОВ Е ОПТИМИСТ — ДО КРАЈОТ НА ГОДИНАТА ЌЕ ИМА ПРЕМИЕРА**



ПРОБИ, ПА ПАУЗА: РАХИМ БУРХАН

Иако балетот на МНТ ја отвори сезоната на почетокот на октомври, со претставата „Снежана и седумте џуџиња“, сепак главни от настан на сезоната се очекува да биде изведбата на рок балетот „Зодијак“. Според порането изјави на директорот на Балетот, Александар Хаџиманов премиерата на ова дело зад кое стојат браќата Стефановски, Горан е автор на либретото, а Влатко и „Леб и сол“ на музиката, е планирана за првата половина на декември.

Не само заради современата за мисла, балет во рок варијанта, туку и затоа што домашни балетски дела и не се некоја честа појава (згора на тоа зад ова стојат две прилично популарни и респективни имиња), во Скопскиот балет проектот е прифатен како нешто многу значајно, и кое ќе направи бум на скопската сцена. Некаде во средината на минатиот месец почна и подготвувањето на претставата. Кореографијата ја работи Олга Милосавлева, се подготвуваат и костимите на Елена Дончева, а и сценографијата на гостинката од Белград, Марина Чутурило. И режисерот Рахим Бурхан кој сето тоа треба да го обликува во една целина. ја почна својата работа.

Сè ќе одеше во најдобар тек, веројатно и премиерното појавување во првата половина на декември, ако не се појавеше мал застој во режисерските подготовки. Незадоволен од висината на хонорарот, две (стари) милијарди, Бурхан, смета дека треба да добие повеќе за својот режисерски труд. Сепак, според директорот, Хаџиманов, ваквото недоразбирање со режисерот, не пречи останатите подготовки да си одат нормално. Навистина и другите двајца соработници, сценограф и режисерот, не биле одушевени од хонорарите (слични како и за режисерот), но на прашањето дали тоа значи дека премиерата е неизвесна, директорот ни одговори дека најверојатно со Бурхан ќе се најде заеднички јазик и дека се ќе биде во ред.

И покрај неговото оптимистичко гледање на работите, без никаква задна намера да баксузираме, сепак ни се наметнува мислата дека ваквото „мало“ изместување од редоследот, го предизвика и изместувањето на терминот за премиерата. Сега според најавата на директорот таа ќе биде реаризирана до крајот на годината. Држиме среќа да е така!

x x x

Најнова вест! Завчера уште еднаш се слушнавме со директорот на Балетот. Овојпат се јави тој, да ни каже дека се чул (по телефон) со Рахим Бурхан и дека тој се согласил на сегашниот хонорар. Веројатно со надеж дека ќе биде ревалоризиран, зашто таква можност навести и самиот директор.

**Г. Д.**